**ИМЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД**
**CANNABO EXCLUSIVE day**
**крем**

**СОСТАВ**
50 ml CANNABO EXCLUSIVE day крем содржи природен екстракт од канабис кој обезбедува 50 mg CBD (Cannabidiol екстрахиран од растението коноп).

**ШТО ПРЕТСТАВУВА CANNABO EXCLUSIVE day И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА**
Кожата на лицето е директно изложена на штетното влијание на надворешната средина. Изложеноста на УВ зраци, загаден воздух и други стресни фактори во текот на денот, доведува до создавање на слободни радикали кои го забрзуваат процесот на стареење на кожата и доведуваат до појава на брчки, намален тонус на кожата и променета текстура.
CANNABO EXCLUSIVE day е иновативна формулација која во совршени пропорции го комбинира канабидиолот (CBD) со 24-каратно злато, со колаген, хијалуронска киселина, витамин Е и пантенол.
CANNABO EXCLUSIVE day кремот не содржи THC (9-delta tetrahydrocannabinol) односно содржи во количина под 0,2%.
CANNABO EXCLUSIVE day иновативната формулација со својот богат состав на хранливи материи е наменета за интензивен третман и ефикасна регенерација и подмладување на кожата.
Канабидиолот (CBD) во CANNABO EXCLUSIVE day е природен екстракт добиен со суперкритична $CO_2$ екстракција од растението коноп (канабис). CBD се врзува за соодветните рецептори на ендоканабиноидниот систем во површинскиот слој на кожата (епидермис), при што се постигнува противвоспалителен и смирувачки ефект. CBD има антиоксидативни својства, ги неутрализира слободните радикали и на тој начин ја зголемува отпорноста на кожата, го намалува губењето на влажноста и предвременото стареење на кожата.
24-каратното злато во состав на иновативната формулација ја подобрува циркулацијата на кожата, го поттикнува клеточниот метаболизам, ја стимулира клеточната регенерација, помага во создавањето на колаген и еластин, во избелувањето и навлажнувањето на кожата, со што кожата се ревитализира, хидрира и се стекнува со мазна и сјајна текстура. Покрај тоа, 24-каратното злато може да има противвоспалително и смирувачко дејство.
Колагенот делува против знаците на стареење со измазнување на брчките и фините линии, редефинирање на контурите и обезбедување повоедначен тен на кожата. Хијалуронската киселина ја задржува влажноста на кожата, видливо ги пополнува брчките и спречува формирање на нови и кожата на допир е цврста и мазна и изгледа свежа и блескава. Витаминот Е ги штити епидермалните липиди, како и колагенските и еластинските влакна на кожата од штетното влијание на околината. Пантенолот има навлажнувачки и смирувачки ефект, го намалува црвенилото и делува противвоспалително.
CANNABO EXCLUSIVE day иновативната формулација со антиоксидативното и противвоспалителното дејство на CBD и 24-каратното злато, ја штити и детоксицира кожата на лицето, ја задржува нејзината влажност, ги измазнува брчките и ги зацврстува контурите на лицето. Дополнително, колагенот, хијалуронската киселина, витаминот Е и пантенолот го засилуваат ефектот на кремот, со поттикнување на регенерација на епидермисот, интензивно хидрирање и корекција на недостатоците на кожата во текот на денот, со што се постигнува младешки изглед.

**ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА**
CANNABO EXCLUSIVE day кремот ја штити кожата од негативните ефекти на атмосферските влијанија, овозможува детоксикација и подобро хидрирање, ја смирува и ја измазнува кожата, ги намалува брчките и неправилностите, одржувајќи ја влажноста во текот на целиот ден.
Со редовна примена на CANNABO EXCLUSIVE day, кожата станува сјајна и блескава.

Пред употреба,  кожата треба да се исчисти.
Нанесете мала количина од кремот на  кожата на лицето со масирање. Користете го кремот наутро и во текот на денот, според Вашите потреби.
При употреба, треба да се избегнува контакт со очи.
CANNABO EXCLUSIVE day кремот е наменет само за надворешна употреба.

**ПОДАТОЦИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ЗНААТ ПРЕД УПОТРЕБА**
CANNABO EXCLUSIVE day кремот не треба да се употребува при пречувствителност на која било состојка на кремот.

**ПАКУВАЊЕ**
Кутија со стаклена тегла со капаче со 50 ml крем  и Упатство за пациентот.